Врз основа на член 42 од Законот за средното образование, донесениот Предлог план за упис на ученици во прва година во учебна 2018/2019 на Наставнички совет од 12.02.2018 година и Конкурсот на запишување на ученици на МОН објавен во март 2018 година, Училишната комисија за упис на ученици во прва година на СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" Скопје, објавува:

# О Г Л А С
## За запишување на ученици во I година во учебна 2018/2019 година

**ЈУНСКИ УПИСЕН РОК - II - пријавување**

- На 28 јуни 2018 година
- Резултати од запишувањето на 29 јуни 2018 година

Во прва година во учебната **2018/2019** година за второто пријавувањ во јунскиот уписен рок бројот на **слободни места за запишување изнесува 451 и тоа за следниве наставни планови и програми за образовните профиле**
:

| Образовен профил | Години на траење | Бој на слободни места | Мин.поени | Наставен јазик |
|---|---|---|---|---|
| Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | четиригодишно | 38 | 52 | македонски |
| | | 33 | | албански |
| | | 34 | | турски |
| Електротехничар.за електроника и телекомуникации | четиригодишно | 58 | 45 | македонски |
| Електротехничар енергетичар | четиригодишно | 34 | 40 | македонски |
| | | 34 | | албански |
| Електричар - електромонтер на електроенергетски мрежи | тригодишно | 51 | 30 | македонски |
| | | 33 | | албански |
| Електромеханичар за хардвер | Двегодишно | 34 | 30 | македонски |
| | | 34 | | албански |
| Електромеханичар за софтвер | Двегодишно | 34 | 30 | македонски |
| | | 34 | | албански |
| **Вкупно** | | **451** | | |

**УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

- Учениците да имаат завршено основно образование
- Да не се постари од 17 години
- Да се определиле според наставни планови и програми за образовен профил

**<u>ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ</u>**

- Пријава за запишување (бесплатна, ученикот ја подига во училиштето)
- Оргинални свидетелства од VI - IX одделение
- Оргинал извод од матична книга на родени (без оглед на датум на издавање)

**<u>КОНКУРСНИ РОКОВИ:</u>**

**<u>ЈУНСКИ УПИСЕН РОК - II - пријавување</u>**

- На 28 јуни 2018 година
- Резултати од запишувањето на 29 јуни 2018 година

**По објавување на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документацијаподнесена во училиштето во рок од 48 часа.**
**За учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредувањесе организира втор уписен рок во месец август, во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок.**

**<u>КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ</u>**

- Среден успех на ученикот од VI-IX одделение
- Среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик, математика и физика)
- Дипломи од освоени ( I,II и III) места од меѓународни и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од МОН) по мајчин јазик, странски јазик, физика и математика
- Средна вредност од поени добиени од поведение

За средниот успех од VI-IX одделение може да се добие најмногу 50 поени
(Општиот успех од VI.VII,VIII и IX одделение се собира, се дели со 4 и добиениот резултат се множи со коефициент 10).

За средниот успех од четирите наставни предмети ученикот може да добие најмногу 20 поени ( 5 поени за секој предмет)

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. ( За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени, за освоено место од државни натпревари: 3 поени за I место, 2 поени за II место и 1 поен за III место). На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средната вредност од поените за поведение од VI - IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од пеето,шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделено со 4).

Ученикот по сите критериуми утврден со овој конкурс може да добие најмногу 80 поени.

**<u>РОК ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ НА НЕЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ</u>**

- Приговори се поднесуваат во рок од 1 ден од објавување на резултатите до Училишната комисија
- Документите на непримените ученици може да се подигнат веднаш

**<u>ИЗВЕСТУВАЊЕ</u>**

Пријавувањето се врши во училиштето ( не по пошта) лично од ученикот, родителот, односно старателот
Учениците кои го завршиле деветто одделение во РМ, а едно, две или три одделенија (VI,VII и VIII во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.
Некомплетни и неисправни документи нема да се примаат.
За примените документи се издава потврда (евидентен број) за извршен прием.
За информации учениците, родителите односно старателите може да се обраќаат на контакт телефон 022529703

**Претседател на**
**Училишна комисија за упис**
**Ефтим Пејовски**